

*Д-р Петар Поповски* **КАРАКАЧАНОВ: ЌЕ ИЗЛЕЗЕ ДЕКА ИСУС ХРИСТОС БИЛ МАКЕДОНЕЦ, САМО НИЕ БУГАРИТЕ СМЕ НЕКАКВО ДИВО ПЛЕМЕ.**

И оваа изјава на Каракачанов кажува дека човекот не прочитал ни два реда од објективната историја. Бидејќи е наполно неук, па еве можност да му кажеме за да престане да ни држи часови по историја и да се срамува пред светот со својата неукост. Имено. Исус Христос бил припадник на древномакедонската племенска група "ГАЛИ", чии први родовски корени се наоѓаат во околината на Солун, по течението на реката ГАЛИК. Уште во времето на палеолитот (800.000 - 500.000 г. п.н.е.) дел од Галите (Македонци) мигрирал на исток, во Азија и особено на територијата на денешен Израел, каде што постои област под името "ГАЛИЦИЈА". Е токму, во таа

Галиција бил роден ИСУС ХРИСТОС. Според тоа, тој не бил Татарин (Боливарин, Булгарин), туку припадник на белата (ариевска) раса, што се посведочува и со неговиот лик. Непобитен факт кој кажува дека ХРИСТОС ИМАЛ МАКЕДОНСКО, а не татарско потекло. Во времето на мезолитот (20.000 - 10.000 г. п.н.е.) дел од таа племенска група, од ГАЛИТЕ, ја колонизирал територијата на денешна Молдавија, која до крајот на XVIII-от век го носела името"ГАЛИЦИЈА" со две посебни области"ГОРНИ" И"ДОЛНИ ГАЛИЧНИК" со главен град"ГАЛИЧНИК", подоцна преименуван во "ГАЛОС". Галите не застанале само на тие простори. Во истиот историски период дел од нив ја освоил територијата на денешна Франција, која до крајот на XVII-от век го носела името"ГАЛИЈА". Кога сме кај Франција уште еден многу важен податок. Имено, пред колонизацијата на Галите, западните европски простори во прво време биле освоени од страна на древните пелазгиско-македонски племенски групи: Антите, Венетите, Скитите, Келтите, Лутеките и Парисиите, за кои е посведочено дека последните го основале градот"ПАРИС". Парисите, всушност, се древномакедонска племенска група која ја населувала територијата на денешна Западна

Македонија, кде што е зачувана древната топографска номенклатура со коренот "Парис". Инаку, како непобитен доказ претсавува фактот, дека само на територијата на Западна Европа денес има над22.000 топоними, ороними и хидроними под името "ВЕНЕТА". Не без причина Ерменката Marija Kambytas во една своја научна студија вели: "БЕЗ МАКЕДОНИА - ЈА НЕМА ЕВРОПА". Тоа исто го изјавил иWinston Cherchil, кој вели: "ЕВРОПА НЕ МОЖЕ ДА СЕ ЗАМИСЛИ БЕЗ МАКЕДОНИЈА". Зарем се потребни и други докази г-не Каракачанов..? Седни, загреј столче и читај историја за да не се срамиш пред светот со свои болни амбиции, антимакедонски клепаници и небулози.